


**ДЕЛ ОД ВОВЕДОТ ВО МОНОГРАФСКОТО ДЕЛО „ БЛАГОЈ МЕХАНЏИСКИ“**

***Оваа монографија е посветена на бизнисменот, хуманистот и донаторот Благој Механџиски. Име, кое е познато и респектирано на низа полиња и децениски потврдено во бизнис заедницата во Република Македонија. Во исто време делото е посветено на 30-годишниот јубилеј на веледрогеријата „ЗЕГИН“, на 45. годишнината за посветеноста на бизнисот и 75. годишниот живот на Благој.***

Во исто време монографското дело „Благој механџиски“ е и скромен пример за афирмација на аптекарството во Македонија, на Балканот и пошироко, афирмација на минатото, сегашноста и иднината на компанијата ЗЕГИН, како и на родното Русиново, убавиот Малеш и на Македонија.

Монографијата чиј автор е Славе Катин е подготвена на македонски и на англиски јазик на 480 страници со голем број текстови и фотографии. Рецензенти на ова дело се поглаварот на МПЦ-ОА г.г. Стефан и д-р Лазо Лазарев. Делото е посветено на Благој Механџиски, кој постојано се залага за афирмација на аптекарството во Македонија, на Балканот и пошироко. Таквата угледна легенда во аптекарската фела, вљубеник во народот, во својата татковина, секогаш го водела светата мисла да го претстави бизнисот и да остави вечни траги за идните генерации. Во исто време треба да се потенцира дека оваа Монографија е подготвена подолго време и чека да биде отпечатена и да го види македонското Сонце.

Животната приказна за Благој и неговото семејство Механџиски започнала во убавата Малешевија, во селото Русиново. Питом и мирен регион, исто толку и дарежлив и сè уште неоткриен дел од природата, а богат со културно наследство. Предел во кој се родени или имаат потекло плејада македонски револуционери, интелектуалци, бизнисмени, професори, новинари, научници, книжевници, различни стручњаци и други личности кои се борат за афирмација на својот крај, на македонската вистина и кои постигнале видни резултати на различни полиња.

Многумина рекле и напишале дека Благој, Бари, Зегин е еден и единствен, неповторлив. Бизнисот проникнува од неговото срце, па тој го храбри, воздигнува, облагородува, збогатува, го храни и ги напојува луѓето кои купуваат во „ЗЕГИН“, а тоа му го дарила судбината, додека мисијата му го трасира патот да биде посветен деловен човек, хуманист, донатор, добротвор...







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**